## ПРОПИСИ ОБЈАВЕНИ ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФОРМИРАЊЕ ФОНД ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19 („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ“ БР. 106 ОД 21.04.2020 ГОДИНА)**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 април 2020 година, донесе

УРЕДБА
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ФОРМИРАЊЕ ФОНД ЗА ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗАТА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19

**Член 1**

Со оваа уредба со законска сила се уредува формирањето, финансирањето, како и намената на средствата на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19.

**Член 2**

Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19 (во натамошниот текст: Фонд), се формира во рамки на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.
За финансирање на Фондот се отвора сметка за донација во рамките на Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат.

**Член 3**

Фондот се финансира од:
1. Паричните средства - донации, донирани од приватни физички и правни лица за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и
2. Паричните средства од правни лица во сопственост на државата кои не се: буџетски корисници, единици на локалната самоуправа и Град Скопје и јавни претпријатија основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје, и тоа:
- парични средства во износ од разликата од полниот износ од нето платата до 14.500 денари, согласно Уредбата со законска сила за определување на висината на платата на избраните, именуваните и назначените лица во јавниот сектор и на вонредните и ополномоштени амбасадори и генерални конзули на Република Северна Македонија во странство за време на вонредната состојба;
- паричните паушали и паричните надоместоци кои нема да се исплатат, согласно Уредбата со законска сила за ограничување на правото на исплата на паричните паушали и паричните надоместоци на претседателите и членовите на одборите на директори, претседателите и членовите на управни и надзорни одбори, претседатели и членови на комисии, работни групи и советодавни и експертски тела формирани од државната и локалната власт и претседателите и членовите на советите на единиците на локалната самоуправа за време на вонредната состојба;
- паричните додатоци и надоместоците на плата кои нема да се исплатат, согласно Уредбата со законска сила за ограничување на исплата на додатоци и надоместоци на плата за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба и
- паричните надоместоци на лицата ангажирани по основ на склучен договор за дело

кои нема да се исплатат, согласно Уредбата со законска сила за исплата на паричен надомест за лица ангажирани со договор за дело во органите на државната власт, регулаторните тела, агенциите, државните комисии, правните лица во целосна сопственост на државата, единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и правните лица основани од единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје за време на вонредна состојба.

**Член 4**

Средствата од член 3 од оваа уредба со законска сила, се уплаќаат на сметката за донации од членот 2 од оваа уредба со законска сила.

**Член 5**

Средствата собрани во Фондот, ќе се користат за финансиска поддршка на економските мерки за помош и поддршка на микро, малите, средните и големите претпријатија во надминување на економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19.

**Член 6**

Владата на Република Северна Македонија донесува Одлука за начинот на уплата и исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19.

**Член 7**

Ова уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3205/1 | Претседател на Владата |
| 18 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | Оливер Спасовски, с.р. |

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ* ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ“ БР. 105 ОД 21.04.2020 ГОДИНА)**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 21 април 2020 година, донесе

УРЕДБА
СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ* ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

**Член 1**

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите* за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 86/2020) во член 1 во ставот (2) по зборот „корисник“ се става запирка и се додаваат зборовите „за износот на акцизата за безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 грама на литар од тарифните ознаки 2710 12 31 00, 2710 12 41 00, 2710 12 45 00, 2710 12 49 00, 2710 12 51 00 и 2710 12 59 00, за износот на акцизата за гасно масло како погонско гориво од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48

00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00, за износот на акцизата за гасно масло како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00, како и за рокот за попис на затечени залихи на енергенти, подготовка на записник и поднесување на записникот до надлежниот царински орган од страна на увозникот, трговецот на големо и трговецот на мало на енергенти и за роковите поврзани со плаќањето на разликата на акцизата при зголемување на акцизата на енергентите.“.

**Член 2**

По членот 2 се додаваат пет нови члена 2-а, 2-б, 2-в, 2-г и 2-д кои гласат:

„Член 2-а

(1) Износот на акцизата за безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 грама на литар од тарифните ознаки 2710 12 31 00, 2710 12 41 00, 2710 12 45 00, 2710 12 49 00, 2710 12 51 00 и 2710 12 59 00 се пресметува врз основа на податокот за износот на основната акциза за безоловен бензин со содржина на олово до 0,013 грама на литар изразена во денари за литар и податокот за износот на дополнителната акциза искажана во денари за литар во зависност од средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10 ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan за период од 1-ви до 15-ти во месецот и од 16-ти до крајот на месецот.

(2) Акцизата од став (1) на овој член се пресметува според следната формула:

АБ = ОАБ + ДАБ,

при што:

- АБ е Акциза за безоловен бензин изразен во денари за литар;

- ОАБ е износ на основната акциза за безоловен бензин искажана во денари за литар и

- ДАБ е износ на дополнителната акциза за безоловен бензин искажана во денари за литар, чиј износ зависи од средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10 ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan.

(3) Износот на основната акциза за безоловен бензин - ОАБ изнесува 21.692 денари за литар.

(4) Износот на дополнителната акциза за безоловен бензин - ДАБ, се утврдува на следниот начин:

1) доколку средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10 ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е помала или еднаква на 390 USD/ton, износот на ДАБ е 3 денари за литар;
2) доколку средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10 ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 390 USD/ton но помала или еднаква на 590 USD/ton, износот на ДАБ е 2 денари за литар и
3) доколку средната дневна берзанска цена на Prem Unl 10 ppm на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 590 USD/ton, износот на ДАБ е 0 денари за литар.

Член 2-б

(1) Износот на акцизата за гасно масло како погонско гориво од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 се пресметува врз основа на податокот за износот на основната акциза за гасно масло како погонско гориво изразена во денари за литар и податокот за износот на дополнителната акциза искажана во денари за литар во зависност од средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan за период од 1-ви до 15-ти во месецот и од 16-ти до крајот на месецот.

(2) Акцизата од став (1) на овој член се пресметува според следната формула:

АД = ОАД + ДАД,

при што:

- АД е акциза за гасно масло како погонско гориво изразен во денари за литар;
- ОАД е износ на основната акциза гасно масло како погонско гориво искажана во денари за литар и
- ДАД е износ на дополнителната акциза за гасно масло како погонско гориво искажана во денари за литар, чиј износ зависи од средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan.

(3) Износот на основната акциза за гасно масло како погонско гориво - ОАД изнесува 15,121 денари за литар.

(4) Износот на дополнителната акциза за гасно масло како погонско гориво - ДАД, се утврдува на следниот начин:

1) доколку средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е помала или еднаква на 400 USD/ton, износот на ДАД е 3 денари за литар;
2) доколку средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan “ е поголема од 400 USD/ton но помала или еднаква на 600 USD/ton, износот на ДАД е 2 денари за литар и
3) доколку средната дневна берзанска цена на 10 ppm ULSD на котација “Mediterranean cargoes FOB (Italy)” од Platt’s European Marketscan е поголема од 600 USD/ton, износот на ДАД е 0 денари за литар.

Член 2-в

(1) Пресметаната акциза од членовите 2-а и 2-б од оваа уредба со законска сила се применува од првиот вторник по 1-ви или по 15-ти во месецот.

(2) Во случај кога 1-ви или 15-ти во месецот е неработен ден, за датум на пресметка и за известување се смета првиот нареден работен ден.

Член 2-г

Акцизата за гасно масло како гориво за греење од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 ќе изнесува 9,136 денари за литар.

Член 2-д

(1) Во случај на зголемување на акцизата на енергенти производителот, увозникот, трговецот на големо и трговецот на мало на енергенти се должни на денот на почетокот на примена на истата, да направат попис на затечените залихи на енергенти, да подготват записник за извршениот попис и да го поднесат до надлежниот царински орган не подоцна од 15 дена од денот на извршениот попис.

(2) При зголемување на акцизата на енергентите, плаќањето на разликата во акцизата од страна на акцизните обврзници од став (1) на овој член се врши со поднесување на акцизна декларација во електронска форма или во хартија во рок од 15 дена од денот на извршениот попис, а акцизата ќе ја платат најдоцна во рок од 30 дена од денот на зголемувањето на акцизата.

(3) Обврската од став (2) на овој член не се однесува за безоловниот бензин со содржина на олово до 0,013 грама на литар и на гасното масло како погонско гориво.“.

**Член 3**

(1) Начинот на пресметување на износот на акцизата за безоловниот бензин и за гасното масло како погонско гориво согласно членовите 2-а и 2-б од оваа уредба со законска сила ќе отпочне да се применува од 5 мај 2020 година.

(2) До отпочнувањето на примената на членот 2-а од оваа уредба со законска сила, износот на акцизата за безоловниот бензин со важност до 4 мај 2020 година се утврдува на 24,692 денари за литар.

(3) До отпочнувањето на примената на членот 2-б од оваа уредба со законска сила, износот на акцизата за гасно масло како погонско гориво со важност до 4 мај 2020 година се утврдува на 18,121 денари за литар.

**Член 4**

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба како и 7 месеци од престанокот на траењето на вонредната состојба.

**Член 5**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3237/1 — Претседател на Владата

21 април 2020 година — на Република Северна Македонија,

Скопје — Оливер Спасовски, с.р.

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ“ БР. 105 ОД 21.04.2020 ГОДИНА)

Врз основа на член 58 став (1) точка 3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 април 2020 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20, 76/20, 78/20, 89/20, 92/20 и 100/20), во членот 1 по точката 8., се додава нова точка 9. која гласи:

„9. Се забранува организиран превоз на патници од и во подрачјето на Општина Тетово, од општините Теарце, Боговиње, Желино, Врапчиште, Гостивар, Јагуновце, Брвеница, Маврово и Ростуше и Град Скопје.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2416/8 — Претседател на Владата

18 април 2020 година — на Република Северна Македонија,

Скопје — Оливер Спасовски, с.р.

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РЕПЛАСИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД КОМПЕНЗАЦИОНИТЕ ФОНДОВИ ОД СТРАНСКА ПОМОШ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РСМ“ БР. 105 ОД 21.04.2020 ГОДИНА)

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11,15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Служебн весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со членовите 10 и 11 од Законот за Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје („Службен весник на

Република Македонија“ бр. 105/09), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 април 2020 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ЗА РЕПЛАСИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД КОМПЕНЗАЦИОНИТЕ ФОНДОВИ ОД СТРАНСКА ПОМОШ

**Член 1**

Во Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационите фондови од странска помош („Службен весник на Република Македонија бр. 76/12, 91/12, 5/13, 120/13, 23/14, 127/14 и 190/15), во член 1 во ставот 1, зборовите „Македонска банка за поддршка на развојот“ се заменуваат со зборовите „Развојна банка на Северна Македонија”.

**Член 2**

По членот 2, се додава нов член 2-а кој гласи:

„Член 2-а:

За време на траење вонредната состојба во врска со пандемијата Коронавирус Covid-19 и три месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба Банката одлучува и за промена на договорните услови на барање на кредитокорисниците и за реструктуирање на побарувањата на крајниот корисник.“

**Член 3**

Член 4 се менува и гласи:

„Кредитобарателите треба да ги исполнуваат следните критериуми:
- сопствено учество најмалку 20% од вкупната инвестиција (истото немора да е во парични единици, односно може да е и во средства)
- степен на тековна ликвидност од минимум 0,7 пресметан како соодност на тековните средства и тековните обврски од Билансот на состојба за последната фискална година;
- степен за способност за сервисирање на долг од минимум 0,5 пресметан како соодност на нето добивката и амортизацијата од една страна и тековните обврски по камати и главници, од податоците содржани во Билансот на успех и Билансот на состојба за последната година);
- позитивен финансиски резултат во последната фискална година, освен доколку кредитокорисникот приложи банкарска гаранција за одобрениот кредит. Банкарската гаранција се издава во висина на износот на кредитот зголемен за износот на пресметаната договорна камата за времето на кое е одобрен кредитот.
- да нема достасани неизмирени обврски кон државата (даноци и придонеси);
- согласно со податоците од кредитниот регистар на Народна банка на Република Северна Македонија да се во класификација подобра или еднаква на Б (просечна ризичност) категорија на ризик или да немаат кредитна изложеност.

По исклучок од став 1 на овој член кредитобаратели можат да бидат:
- Новооснована претпријатија чии што основачи се правни лица со позитивен финансиски резултат во последната фискална година и
- Претпријатија кои во последната фискална година оствариле негативен финансиски резултат доколку обезбедат банкарска гаранција за одобрениот кредит.

**Член 4**

Член 5 се менува и гласи.

„Средствата се одобруваат за кредити под следните услови:

1. За кредити за примарно земјоделско производство со кои може да се набават основни и обртни средства за:

- растително производство: поледелство (житни, индустриски, градинарски и фуражни култури), овоштарство, лозарство;
- сточарско производство: говедарство, овчарство, свињарство, козарство, живинарство, аквакултура, пчеларство;
- нова земјоделска погонска и приклучна механизација.
Износот на кредитот е до 30.750.000 денари. Еднократна провизија при одобрување е 0,8% од износот на кредитот.
Годишна каматна стапка е 2%.
Рок на враќање до 120 месеци со вклучен грејс период до 18 месеци за инвестиции и до 24 месеци со вклучен грејс период до 6 месеци за обртни средства.
За време на грејс периодот се пресметува и наплатува камата од ставот 3 на овој член.
2. За кредити за преработка на земјоделски производи со кои може да се набават основни и обртни средства и тоа:
- опрема за преработка на земјоделски производи;
- изградба на нови и купување или реконструкција на постоечки производни објекти во функција на преработка и складирање на земјоделски производи;
- откуп на земјоделски производи за преработка (најмалку 70% од основната суровина за преработка треба да биде со потекло од домашно производство);
- набавка на сите видови компоненти за производство на добиточна храна;
- набавка на компоненти од неземјоделско потекло во функција на крајниот производ (најмногу 30% од инвестицијата);
- амбалажа и етикетирање.
Износот на кредитот е до 30.750.000 денари.
Еднократна провизија при одобрување е 0,8 % од износот на кредитот.
Годишна каматна стапка е 2%.
Рок на враќање до 120 месеци со вклучен грејс период до 18 месеци за инвестиции и до 24 месеци со вклучен грејс период до 6 месеци за обртни средства.
За време на грејс периодот се пресметува и наплатува камата од ставот 3 на овој член.
3. За кредити за извоз на примарни земјоделски производи и нивни преработки со кои може да се набават основни и обртни средства за потребите на откуп и извоз и тоа:
- разладни уреди за кондициско одржување на употребливата вредност на производите до нивната продажба;
- машини за калибрирање и пакување;
- изградба на нови и купување или модернизација на постоечки објекти за постбербени активности (складирање, кондициско одржување на производите до нивна продажба, калибрирање, пакување) за овошје и зеленчук и собирни центри за млеко;
- откуп на примарни земјоделски производи наменети за извоз;
- откуп на преработени земјоделски производи наменети за извоз (100% домашно потекло);
- амабалажа и етикетирање.
Износот на кредитот е до 30.750.000 денари
Еднократна провизија при одобрување е 0,8% од износот на кредитот.
Годишна каматна стапка е 2%.
Рок на враќање до 120 месеци со вклучен грејс период до 18 месеци за инвестиции и до 24 месеци со вклучен грејс период до 6 месеци за обрни средства.
За време на грејс периодот се пресметува и наплатува камата од ставот 3 на овој член.
Задолжувањето на корисникот, пресметувањето на каматата и плаќањето на доспеаните обврски ќе се врши во денари.
Во случај на задоцнување на плаќањето на обврските во утврдените рокови на достасаните, а неизмирени обврски се пресметува и наплатува законска казнена камата сметано од првиот ден на стасувањето до денот на наплатата во висина пропишана со закон.“

**Член 5**

Член 7 се менува и гласи:
„За одобрување на користење на кредит одлучува банката и со корисникот на кого му е одобрено користењето на кредитот се склучува договор.
Кон договорот корисникот на кредитот приложува обезбедување на кредитот и тоа хипотека од прв ред на недвижен имот најмалку во висина од 1,5:1 во однос на износот на одобрениот кредит и пресметана договорна камата или банкарска гаранција во висина на одобрениот кредит и пресметаната договорна камата.“

**Член 6**

По член 8-а се додаваат осум нови члена: член 8-б, член 8-в, член 8-г, член 8-д, член 8-ѓ, член 8-е, член 8-ж, член 8-з, кои гласат:

„Член 8-б

Заради ублажување на последиците од епидемијата на Коронавирус Covid-19 во периодот за време на траење на вонредната состојба и три месеци по престанокот на траењето на вонредната состојба, средствата од Компензационите фондови од странска помош во износ од 492.000.000 денари ќе се користат за директно кредитирање на микро, мали и средни претпријатија од сите дејности, согласно критериумите и условите предвидени во член 8-в до 8-з од оваа одлука.

Член 8-в

За користење на средствата од член 8-б од оваа одлука, кредитобарателите треба да ги исполнуваат следните критериуми:
- да се регистрирани во Република Северна Македонија;
- да се најмалку 51% во приватна сопственост;

- да немаат неплатени даноци и придонеси, освен ако на истите им е одобрено одложено плаќање на даноците и придонесите во согласност со посебните прописите од областа на даноците и истите редовно ги плаќаат заклучно со 31.01.2020 година;
- да не се во постапка на стечај или ликвидација;
- да работат подолго од шест месеци и имаат поднесено годишна сметка во Централен регистар на Република Северна Македонија;
- согласно со финансиските извештаи за последната фискална година има главнина и резерви (наведен во билансот на состојба) не помалку од 33% од износот на бараниот кредит;
- согласно со податоците од кредитен регистар на Народна банка на Република Северна Македонија со состојба на 31.01.2020 година, се во класификација подобра или еднаква на Б (се врши пресметка на просечна ризичност) или коишто немаат обврски кон банките;
- показателот за степенот на финансиска задолженост на компанијата треба да е помал од 5.0, а се пресметува како соодност меѓу вкупни обврски по заеми и кредити/главнина и резерви. Показателот се пресметува врз основа на податоците во биланс на состојба од последната фискална година;
- Намалување на приходот на кредитобарателот за повеќе од 30% во тековниот период, кое ќе се утврдува на еден од следните два начини:
(а) Податоците за приходи од последно расположливиот месец во 2020 година, споредено со приходите од истиот месец во 2019 година; или
(б) Податоците за приходи од последно расположливиот месец во 2020 година, споредено со просечниот месечен приход во 2019 година (вкупен приход/12 месеци).

Податоците од алинеја 9 од овој член, кредитобарателот ќе ги пополни соодветно во образец Апликација за кредит кој е објавен на веб страната на Развојна банка на Северна Македонија.
За претпријатија што работат помалку од 12 месеци, падот на приходите ќе се мери согласно став 1 алинеја 9 точка б) од овој член (вкупен приход/месеци на работење).

Член 8-г

Средствата од член 8-б од оваа одлука, се одобруваат за кредити под следните услови:
Износот на кредит кој може да се одобри зависи од бројот на вработени. Претпријатието може да аплицира и да му биде одобрено максимален износ на кредит пресметан по следната формула:
14.500 денари x 3 месеци x број на вработени
Максимален износ на кредит кој ќе биде одобрен на кредитокорисникот не може да биде повисок од 5.535.000 денари, а минималниот износ на кредитот не може да биде под 184.500 денари.
По исклучок од став 1 на овој член претпријатија до 5 вработени, може да аплицираат за кредит од 184.500 денари и претпријатија со вработени од 128 до 250 вработени може да аплицираат за кредит за износ до 5.535.000 денари.
Бројот на вработени управителот на кредитокорисникот го наведува во Изјава при аплицирањето, со состојба на 31.01.2020 година. Образецот на изјавата е објавен на веб страната на Развојна банка на Северна Македонија.

Член 8-д

Кредитите од член 8-б на оваа одлука се одобруваат од страна на Банката со намена за обртни средства.

Член 8-ѓ

Кредитите ќе се одобруваат со рок на отплата до три години со вклучен грејс период до 12 месеци со намена за обртни средства. Отплатата на кредитот од страна на кредитокорисникот ќе се врши квартално.

Член 8-е

Средствата од член 8-б на оваа одлука ќе се пласираат во денари.
Каматната стапка за кредитокорисниците се утврдува на износ од 0% на годишно ниво.
Банката нема да наплаќа провизија од кредитокорисникот за обработка на кредитните барања.

Член 8-ж

За обезбедување на побарувањата по основ на договорите за кредит од член 8-б од оваа одлука, кредитокорисниците треба да достават меница - авалирана од еден од сопствениците на кредитокорисникот, со менична изјава за уредување на правата и обврските по меницата во форма на нотарски акт и со извршна клаузула.

Член 8-з

По однос на кредитирање на кредитокорисниците од член 8-б на оваа одлука банката ги има следните права и обврски:
- На својата веб-страница и во најмалку два дневни весници да објави јавен повик за аплицирање на потенцијалните кредитокорисници, во кој ќе бидат содржани критериумите, условите и документацијата која треба да биде доставена до банката со цел истата да изврши проверка на исполнетост на критериумите од страна на потенцијалните корисници согласно оваа одлука. Банката да овозможи барањата од кредитокорисниците да бидат доставувани по електронски пат (скенирани документи или документи со електронски потпис) на единствена електронска адреса.
- Рок за аплицирање е 15 дена. Јавниот повик може да се повторува до целосно реализирање на средствата наменети за директно кредитирање на трговските друштва, но не подолго од три месеци по завршување на вонредната состојба.
- Банката во рок од 15 дена од денот на приемот на секоја комплетна пријава доставува информација до Владата на Република Северна Македонија за барањата кои ги исполнуваат критериумите од јавниот повик.
- Да склучи договор за кредит со кредитокорисникот во име и за сметка на Владата врз основа на заклучок од Владата на Република Северна Македонија. Да наплати провизија за управување со средствата во име и за сметка на државата во износ од 0,5% од исплатените кредити, квартално. Во рок од осум дена по завршување на кварталот, се доставува известување за пресметана провизија до Министерство за финансии, а Министерство за финансии во рок од осум дена од денот на

известувањето од банката ја уплаќа провизијата на соодветна сметка на Развојна банка на Северна Македонија.
- Банката ја следи отплатата на обврските од страна на кредитокорисниците по основ на одобрените кредити и доставува до Владата на Република Северна Македонија редовни полугодишни извештаи за износот и бројот на одобрени кредити и нивната наплата.”

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3223/1 | Претседател на Владата |
| 18 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | Оливер Спасовски, с.р. |